## Насоки за ослободување или намалување на глобата

### Обем на примена на Насоките за ослободување или намалување на глобата

1. Со овие Насоки се уредуваат деталите како Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП) ќе постапува по барањата за ослободување или намалување на глобата на претпријатијата.

2. Политиката на ослободување или намалување на глобата им дава можност на претпријатијата вклучени во картел, кои сами ќе се пријават и ќе достават докази, целосно да ги ослободи од глобата или да ја намали глобата која што КОП инаку би ја изрекла на истите.

### Ослободување од глоба

3. КОП ќе определи ослободување од глоба согласно член 65 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен Весник на РМ бр. 145/10, 136/11, 41/14 и 53/16) и согласно Уредбата за поблиските услови за ослободување или намалување на глобата и постапката под која КОП одлучува за ослободување или намалување на глобата (Службен Весник на РМ бр. 41/12), доколку претпријатието:

   а) е прво кое ќе и обезбеди на КОП докази/податоци и информации (или и обезбеди информација за тоа каде се наоѓаат релевантни докази кои КОП може да ги прибави на лице место), а кои докази се доволни КОП:

   - да поведе прекршочна постапка во врска со предметниот картел или
   - веќе поведената прекршочна постапка да ја заврши со решение со кое се утврдува постоење на прекршок;

   б) не превзело мерки со кои принудило друго претпријатие да учествува или да остане во картелот и

   в) за време на постапката соработува со КОП целосно и континуирано.

4. Едно претпријатие може да се смета дека принудува други претпријатија да учествуваат или да останат во картелот, доколку постојат докази кои јасно укажуваат на тоа дека претпријатието кое бара ослободување од глоба вршело притисок, на друго/и

претпријатие/ја, учесник/ци во картелот да земе учество во картелот или да остане во истиот. Во ваков случај, КОП може да определи само намалување на глобата.

**Намалување на глобата**

5. Претпријатието на кое неможе да му се определи ослободување од глоба, може да бара намалување на глобата и до 50% доколку претпријатието:

   а) и обезбеди на КОП дополнителни усни и писмени информации и докази кои се од одлучувачко значење, а кои овозможуваат КОП да утврди постоење на картел и

   б) соработува целосно и континуирано со КОП.

6. Клучен критериум за утврдување на висината на намалувањето на глобата, ќе биде целокупната додадена вредност на доказите обезбедени од страна на подносителот на барањето за намалување на глобата. Ова особено е значајно во однос на тоа дали доставените докази од претпријатието претставуваат докази со значителна додадена вредност во однос на доказите со кои КОП веќе располагала. КОП исто така ќе го земе во предвид целокупното ниво на обезбедената соработка.

**Услови за ослободување или намалување на глобата**

7. Во сите случаи, претпријатието кое поднело барање за ослободување или намалување на глоба, мора целосно и континуирано да соработува со КОП во текот на постапката. Целосниот пристап кон процесот на ослободување или намалување на глобата, од страна на подносителот на барањето мора да биде конструктивен, со цел вистински да и помогне на КОП во ефикасно и ефективно откривање, истражување и превземање на мерки за докажување на постоење на картелот.

8. Претпријатието треба да го прекине прекршокот (своето учество во картелот) веднаш, освен во случаи кога КОП смета дека неговото натамошно учество во картелот е неопходно за успешно завршување на постапката (пример за да се заштити елементот на изненадување при идното ненајавено прибавување на докази на лице место од страна на КОП).

9. Претпријатието мора да и ги обезбеди на КОП сите релевантни информации и докази кои ги поседува.

10. Соработката мора да биде навремена, податоците да се доставуваат веднаш и сегашните (и доколку е тоа можно и поранешните) вработени да бидат ставени на располагање на КОП за интервјуа или давање на изјави на сведоци, во согласност со разумните барања на КОП. Подносителот на барањето мора да обезбеди име на сите вработени вклучени во картелот (вклучувајќи и поранешни вработени) и да обезбеди дека сите вработени од кои ќе бидат побарани информации и докази, целосно и континуирано ќе соработуваат со КОП во текот на постапката. Ако подносителот на барањето предвиди или се соочи со потешкотии во исполнувањето на крајниот рок или барањата на КОП, потребно е да ја извести КОП што е можно поскоро.

11. Соработката со КОП подразбира дека по правило претпријатието несмее да го открие постоењето и содржината на барањето за ослободување или намалување на глоба на други претпријатија се до доставување на прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба од страна на КОП. КОП и претпријатието може и поинаку да се договорат.

12. Претпријатието не смее да уништува, прикрива или фалсификува или крие релевантни информации или докази.

**Постапка**

**Контакти пред поднесување на барање**

13. Претријатијата или лицата кои имаат намера да поднесат барање за ослободување или намалување од глоба, имаат можност, пред да го сторат тоа, да се обратат до КОП за добивање на насоки во врска со поднесувањето на барањето и доверливоста на целиот процес. Разговорите за давање насоки за доверливост може да не вклучуваат именување на дадена фактичка состојба (може да се користи изразот „хипотетички") со цел претпријатијата или лицата да чувствуваат удобност пред да донесат одлука за поднесување на барањето.

    Секое лице кое има намера да поднесе барање за ослободување или намалување на глоба од страна на КОП, може се јави во Комисијата за заштита на конкуренцијата на тел: ++389 2 3 298 666 или да пристапи во просториите на Комисијата за заштита на конкуренцијата и да побара да разговара со службено лице.

14. КОП нема да ги искористи за ниедна друга цел податоците добиени во контактите пред поднесување на барањето. Во случај кога нема да се дозволи ослободување или намалување на глоба, КОП нема да го објави идентитетот на претпријатијата.

15. Со цел да имаат погодности од Насоките, претпријатијата можат да се обратат до КОП директно, или преку својот правен застапник.

**Поднесување на барање за ослободување или намалување на глоба**

КОП препорачува при поднесување на барањето првенствено да се оствари контакт со службено лице од Комисијата за заштита на конуренцијата.

Барањата за ослободување или намалување на глоба можат да се достават:

- лично во архивата на Комисијата за заштита на конкуренцијата
- преку е-меил адреса на leniency@kzk.gov.mk
- преку препорачана пошта на адреса: Св. Кирил и Методиј бр. 54, 1000 Скопје (во овој случај се препорачува на пликото да се забележи времето на испраќање на документот).

Во случај на достава на барање преку е-меил адреса, оригиналното барање мора да биде доставено до архивата на Комисијата за заштита на конкуренцијата во рок од 3 дена.

За повеќе информации околу програмата, подносителите на барањата можат да се обратат на тел. ++389 2 3298 666 во период од 09.30 до 15.30 часот во работните денови.

**Потврда**

16. Претпријатието може да ја контактира КОП да ја изрази својата подготвеност да соработува (известување за намера за поднесување на барање за ослободување од глоба) при што КОП ќе издаде потврда-маркер. Потврдата претставува формално писмено потврдување за прием на барањето за ослободување од глоба со која го заштитува местото на подносителот на листата на чекање, за определен период во однос на другите подносители. За добивање на потврдата, КОП поставува релативно низок доказен праг. Се што е потребно е да се воспостави конкретна основа за сомневање за активноста на картелот и покажување на вистинска намера да се признае постоењето на картелот. Подносителите на барањето за ослободување или намалување на глобата се охрабрени да ја контактираат КОП што е можно поскоро.

17. Во потврдата, КОП определува временски период во кој подносителот на барањето треба да достави барањето за ослободување од глоба. По исклучок, по барање на подносителот, доколку за тоа постојат оправдани причини, КОП може да го продолжи рокот за доставување на барање.

**Содржина на барањето**

**18.** Кон барањето за ослободување од/намалување на глоба, подносителот мора да достави и „Изјава на претпријатието“ согласно член 3 од Уредбата. КОП истакнува дека, по дефиниција, картелските активности имаат за своја цел спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата, па затоа од подносителот, не се бара да се достават докази/податоци и информации за оценка на реалните ефекти на картелската активност пред да се продолжи со барањето.

**Групно барање за ослободување од глоба**

19. КОП нема да прифати групно барање за ослободување од/намалување на глобата, направено истровремено од страна на или во име на две или повеќе претпријатија кои учествуваат во истиот картел.

**Усни изјави**

20. Барањето (вклучувајчи го и барањето за потврда) може да биде дадено усно на записник.

21. Времето кога се организираат состаноците на КОП за усни изјави се од 09.30 – 15.30 часот. Присуство за подносителот надвор од работното време ќе се дозволи само во исклучителни околности и во зависност од претходен договор со КОП.

22. Потребно е КОП да биде доволно информиран (препорачливо 24 часа однапред) за организирање на состанок. Подносителот треба да ги наведе имињата на лицата кои што ќе присуствуваат, потребната опрема и должината на траењето на состанокот.

23. Усните “Изјави на претпријатието“ од член 3 од Уредбата треба да бидат јасни, со факти и да водат кон целта, со доволно детални информации. Описот на предметниот картел може

да се обезбеди усно, додека другите податоци како на пример производот или описот на пазарот, основните податоци за пазарот и сите јавно достапни информации мора да бидат доставени во писмена форма како прилог кон Изјавата.

24. Усните "Изјави на претпријатието" од член 3 од Уредбата неможе да содржат деловна или службена тајна во смисла на Член 57 од Законот за заштита на конкуренцијата.

25. Прилозите доставени кон усната изјава мора да бидат доставени и во електронска форма (на цд, двд и сл.).

26. Доколку не се почитуваат овие Насоки и Уредбата, КОП може да побара од подносителот да ја повлече таа верзија на „Изјавата на претпријатието" и/или повторно да ја поднесе „Изјавата на претпријатието" на начин што е во согласност со овие Насоки и Уредбата.

**Статус на подносителите**

27. Доколку првиот подносител на барањето не ги исполни сите обврски (особено обврските кои се однесуваат на соработка со КОП), претпријатието го губи своето заштитено место на листата за ослободување од глоба и следниот подносител на барање за ослободување од глоба го добива заштитеното прво место на листата за ослободување од глоба.

**Писмена потврда**

28. КОП му издава писмена потврда на подносителот на барањето за ослободување/намалување од глоба, потврдувајќи го датумот и времето на прием на барањето согласно член 8, односно член 12 од Уредбата.
    Доколку условите за ослободување од/намалување на глоба се исполнети, КОП, писмено го известува подносителот согласно член 9, односно член 13 од Уредбата.

**Увид во списите**

29. КОП, на барање на учесниците во постапката може да им дозволи увид во „Изјавата на претпријатието".